РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-4412/2
10-11-2021

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 54-тата седница одржана на 02.11.2021 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот бр. 09-4412/1 од 29.12.2020 година, оформен по доставена пријава за службеното лице ------, член на Управен одбор во ЈЗУ Здравствен дом ------- **СЕ ЗАПИРА.**

По проверка и анализа на податоците, ДКСК утврди дека настаната е промена на фактичка состојба, лицето -------- е разрешена од функцијата член на Управен одбор во ЈЗУ Здравствен дом --------------.

Оваа одлука во анонимизирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на непознат подносител, на ден 29.12.2020 година, поднесена е пријава со наводи дека Градоначалникот на Општина --------- ја вработува својата сопруга, ---------- во Центар за социјална работа. Истовремено наведеното лице има кумулација на функции бидејќи е член на Управен одбор во ЈЗУ Здравствен дом ---------, а исто така е и судија поротник.

Заради проверка на наводите изнесени во пријавата ДКСК направи увид во Базата за Евидентирање на анкетни листови и изјави за интереси и утврди дека на ден 30.07.2021 година, наведеното лице доставено анкетен лист за престанок на функција.

Понатаму, лицето ------- е вработена како административен службеник во Центар за социјална работа согласно Законот за административни службеници, каде согласно закон уредената постапка Градоначалникот на Општина ------- нема никакви ингеренции и не може да биде вклучен во постапката, односно во конкретниот случај не може да се утврди повреда на член 74 од ЗСКСИ.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: С.М
Одобрил: К.Н –член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk